РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА
МИНИСТЕРСТВО ЗА ОБРАЗОВАНИЕ И НАУКА
УП1 Бр 14-832
0 0 -06- 2016 година
СКОПЈЕ

Universiteti i EJL ne Tetovë - Republika e Macedonisë
ЈИЕ Универзитет во Тетово - Република Македонија
SEE University at Tetovo - Republic of Macedonia
Tetovë- Тетово- Tetovo

| Pranuar / Примено / Received | 10.11.2017 | | |
|---|---|---|---|
| Nj.org. / Орг.Един. / Org.unit | Numer / Број / No. | Shtojcë / Прилог / Attachment | Viëra / Вредност / Value |
| 03 | 3237 | 2 | |


Врз основа на член 55 став 1 од Законот за организација и работа на органите на државната управа („Службен весник на Република Македонија" бр. 58/00, 44/02, 82/08 167/10 и 51/11), а во врска со член 35 став 2 од Законот за високото образование („Службен весник на Република Македонија" бр. 35/08, 103/08, 26/09, 83/09, 99/09, 115/10, 17/11, 51/11, 123/12, 15/13, 24/13,41/14, 116/14, 130/14, 10/15, 20/15, 98/15, 145/15, 154/15 и 30/16), министерството за образование и наука донесе

# РЕШЕНИЕ

## за почеток со работа на студиската програма од прв циклус на тригодишни студии по Бизнис и економија – Business and economics на англиски јазик на Факултетот за бизнис и економија единица во состав на Универзитет на Југоисточна Европа во Тетово

1. Со ова решение се утврдува дека се исполнети условите за почеток со работа на студиската програма од прв циклус на тригодишни студии по Бизнис и економија – Business and economics на англиски јазик на Факултетот за бизнис и економија единица во состав на Универзитет на Југоисточна Европа во Тетово.
2. Ова решение влегува во сила со денот на донесување.

## Образложение

Универзитетот на Југоисточна Европа се обрати со барање бр. 03-893/2 од 14.04.2016 година до Министерството за образование и наука, под наш УП1 бр. 14-832 од 18.04.2016 година, за утврдување на исполнетоста на условите за почеток со работа на студиската програма од прв циклус на студии (180 ЕКТС) по Бизнис и економија – Business and economics на англиски јазик, акредитирана од страна на Одборот за акредитација и евалуација на високото образование со решение бр. 14-217/2 од 15.03.2016 година, на Факултетот за бизнис и економија во состав.

Министерот надлежен за работите во високото образование, со Решение УП1 бр. 14-832 од 06.05.2016 година, формира Комисија за утврдување на исполнетоста на условите за почеток со работа на студиската програма од прв циклус на тригодишни студии по Бизнис и економија – Business and economics на англиски јазик на Факултетот за бизнис и економија единица во состав на Универзитет на Југоисточна Европа во Тетово .

Комисијата на ден 18.05.2016 година, изврши увид и изготви Извештај УП1 14-832 од 06.06.2016 година, каде е наведено дека за студиската програма наведена во точка 1 на ова Решение, се исполнети условите согласно одредбите утврдени со Законот за високото образование и Уредбата за нормативи и стандарди за основање на високообразовни установи и за вршење на високообразовна дејност („Службен весник на Република Македонија" бр. 103/10, 168/10 и 10/11).

Имајќи го во предвид изнесеното, се одлучи како во диспозитивот на ова решение.

УПАТСТВО ЗА ПРАВНО СРЕДСТВО: Против ова решение, може да се заведе управен спор, со поднесување на тужба до Управниот суд на Република Македонија, во рок од 30 дена од денот на приемот на ова решение.

МИНИСТЕР,
Pishtar Lutfiu

РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА МИНИСТЕРСТВО ЗА ОБРАЗОВАНИЕ И НАУКА 1 СКОПЈЕ

Доставено до:
- Примачот
-Архива

изработил: Нухи Ајдини
контролирал: Снежана Лузевска
одобрил: д-р Агим Рушити